Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5339 | 1 | |

во 14:57

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5233/1 од 27.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5233/1 од 27.10.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5233/1 од 27.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за надзор(мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5233/1 од 27.10.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5233/1 од 27.10.2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување во период од 12 до 21 октомври 2016 година, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, известуваше за редовни активности на власта во функција на изборно медиумско претставување на политичкиот субјект - Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), спротивно на член 75-б од Изборниот законик. Во програмата на овој радиодифузер во мониторираниот период констатирано е дека по овој законски основ се сторени 7 прекршувања. Тие се следните:

***Алфа Вести во 17:30 часот 12.10.2016***

- во периодот од 17:41:37 до 17:42:40 часот емитуван е прилог: „Учениците од средните стручни училишта ќе добијат стручни учебници" – со изјава на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во која зборува за реформи и за актуелен конкурс (објавен минатата недела), а во најавата се вели дека се работи за дел од партиската програма, односно во кој шефот на партијата говори за проект на владата;

- во периодот од 17:41 до 17:42 часот емитуван е прилог: „Лидерот на ВМРО ДПМНЕ во посета на МОБ“ – во кој шефот на партијата ги открива достигнувањата на новите инвестиции во оваа културна установа;
- во периодот од 17:39 до 17:41 часот емитуван е прилог: „Груевски за проектите наменети за локалната самоуправа“ – одново шефот на партијата говори за чисто владини проекти;
- во периодот од 17:41 до 17:42 часот емитуван е прилог: „Проектот илјада бесплатни книги„ - шефот на партијата ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за уште еден владин проект во образованието.

***Алфа Вести во 17:30 часот 13.10.2016***

- во периодот од 17:39:01 до 17:41:07 часот емитуван е прилог: „Достапни 25 милиони евра за општините за инфраструктурни објекти“ – во прилогот освен за кредитната линија од Светска банка наменета за локалната самоуправа, лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски се осврнува и на актуелниот проект за бањско лекување, односно за тоа колку средства се резервирани во буџетот, а медиумот вели дека ќе продолжи и догодина „доколку по 11 декември на власт остане оваа политичка гарнитура“, во кој зборува од аспект на премиер, односно член на Влада.

***Алфа Вести во 17:30 часот 20.10.2016***

- во периодот од 17:32:29 до 17:35:12 часот емитуван е прилог: „Одлична вест за македонското здравство, почнува капиталниот проект за изградба на нов клинички центар“ и „Банката на Советот на Европа во официјалниот гласник на ЕУ го објави тендерот за изградба на УКЦ 'Мајка Тереза“ – со изјави од Никола Тодоров, министер за здравство и информација дека капиталната инвестиција прв на својот Фејсбук профил ја најавил претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, односно се работи за вест кој ја соопштува на својот Фејсбук профил лидерот на партијата, а ја пренесува медиумот третирајќи го лидерот како член на Влада.

***Алфа Вести во 17:30 часот 21.10.2016***

- во периодот од 17:54:27 до 17:56:34 часот емитуван е прилог: „Светиниколското село Мустафино по 23 години доби водовод“ – со архивски снимки од посета на селото од страна на Зоран Тасев, градоначалник на Свети Николе и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, односно се поврзува редовна активност на локална власт со партија.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатира дека со емитуваните прилози сторено е прекршување по основ на член 75-б од Изборниот законик.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е повторен, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________________
2. Љубомир Костовски ____________________
3. Горан Трпеноски ____________________